**Огласи**

# О Г Л А С И

ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ - МАКЕДОНСКИ БРОД

Врз основа на член 231 ставовите 11,12,13,14,15 и 16 и членовите 231-а, 231-б, 231-в, 231-д, 231-ѓ, 231-е, 231-ж од Законот за Здравствена заштита (Сл.весник-наРМбр.43/12,145/12,87/13, 164/13,39/14,43/14,10/15,1-54/15,192/15,17/16 и 37/16) и члeновите 31, 32, 51 и 70 од Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост/„Сл. весник на РМ“ бр.8/2005,-150/07 и 35/20011/, Одлука бр. 02-320/11 од 12.12.2018 година на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод, како и дадената согласност на одлуката од страна на Министерството за здравство бр.09-3019/2 од 12.4.2019 година, Комисијата за располагање на недвижни и движни ствари на ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод, објавува

## О Г Л А С
## ЗА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ПРОСТОР И ОПРЕМА ВО ОРДИНАЦИЈА - АМБУЛАНТА ПО ОПШТА СТОМАТОЛОГИЈА НА НИВО НА ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ МАКЕДОНСКИ БРОД СО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

1. ЗАКУПОДАВЕЦ: ЈЗУ Здравствен дом - Македонски Брод

2. ПРЕДМЕТ НА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП :

2.1.Предмет на издавање под закуп е просторот и опремата на ординација-амбуланта по општа стоматологија на ниво на примарна здравствена заштита во Македонски Брод, со почетна цена без ДДВ како во колоната 3 од табелата и тоа:

| Р.број | Предмет издавање под закуп | Почетна цена (денари) без ДДВ | Висина на депозит (денари) |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | Просторот и опремата во ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод со вкупна површина од 32 м2, за дејност од општа стоматологија на ниво на примарна здравствена заштита | 3.456 | 41.472 |

2.2. Просторот и опремата предмет на издавање под закуп-јавно надавање може да се види секој ден од 9.00 до 14.00 часот,со предходна најава и присуство на преставник од Комисијата за спроведување на постапката најдоцна пет дена пед одржувањето на јавното наддавање.

2.3. Услови за давање под закуп: Просторот и опремата предмет на издавање под закуп назначен во точка 2.1. се издава под следните услови:

-Намената на просторот и опремата е за вршење на соодветна здравствена дејност; р.број 1 за дејност општа Стоматологија на ниво примарна здравствена заштита;

-Закупецот не може да ја промени дејноста за која се издава закупот, не може да го издава просторот во подзакуп и не може да припојува други сосновачи;

-Закупецот нема обврска да преземе или вработи здравствен работник со средно образование;

- Трошоците за инвестиции паѓаат на товар на закупецот и кон истите може да се пристапи по претходно писмено одобрение од ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод;

- Во случај на дефект во просторот и опремата издадени под закуп, трошоците за остранување на дефектот ќе ги сноси закупецот на просторот какде што е дефектот;

- Закупецот се обврзува плаќањето на закупнината да биде месечно по добивањето на фактурата од Здравствен дом најдоцна до 15-ти наредниот месец за тековниот месец;

- Во случај на згаснување на здравствента установа или неможност за подмирување на закупнината,обврските ги презема основачот на ПЗУ, односно закупецот

3.ПРАВО НА УЧЕСТВО

3.1. Право на учество на јавно надавање имаат:

-физички лица-доктори по општа стоматологија кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за здравствена заштита, да имаат завршено високо образование (VII/1 или VII/1) степен-Медицински факултет и да имаат соодветна лиценца за работа;

-Правни лица-приватни здравствена установа основани и регистрирана за вршење на здравствена дејност од соодветна област, кои пет дена пред одржувањето на јавното надавање ќе достават Пријава за учество на јавното наддавање која содржи и Изјава дека ги прифаќаат условите од точка 2.3, како и комплетна документација наведена во точка 4.1 на овој оглас на адреса:ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод на ул.„Вук Караџиќ“ бр.2.

3.2. Депозит- Право на учество на јавното надавање имаат само лицата кои ќе достават доказ-уплатница дека пет дена пред одржувањето на јавното наддавање уплатиле депозит за учество во јавното наддавање.

3.3. Висината на паричниот депозит што треба да се плати за добивање на право на учество на јавното наддавање е пресметан согласно со Правилникот за најнискиот износ на надоместок за лиценца за вршење на здравствената дејност во мрежата на здравствените установи и за најнискиот износ на закуп на простор и опрема на јавната здравствената установа („Сл.весник на РМ“ бр.156/12) како и член 231-ѓ став 2 од Законот за здравствена заштита на РМ и измените на Законот за здравствена зштита („Сл.весник на РМ“ бр.10/15) и истиот е наведен во колана 4 на табелата од точка 2.1.Уплатата на депозитот треба да се изврши во корист на трезорска сметка ФЗОМ на Сметката на буџетски корисник на ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод и тоа како следи:

- Банка на примачот: НБРСМ
- Сметка 100000000066005
- Сметка на корисник: 660030002253144
- Приходна шифра и програма 725 939 00
- Цел на дознака: Депозит за учество на јавно надавање за закуп

3.4. Уплатата извршена спротивно на точка 3.2 се смета за ненавремена и лицата кои не ја извршиле навремено уплатата и не доставиле пријава за учество на јавното наддавање согласно со точка 3.1 немаат право на учество во јавното наддавање.

3.5. Уплатениот паричен депозит од наведениот надавач се засметува во закупнина.

4. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

4.1. Заинтересираните лица треба да поднесат Пријава за учество на јавното наддавање, во рокот утврден во точка 3.1 во затворен плик со ознака за бројот на Огласот за јавно надавање. Образецот на пријавата за учество на јавното наддавање може да се подигне (без надокнада) од Архивата на ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод секој работен ден од 08.часот до 15 часот.

Со пријавата за учество на јавното наддавање заинтересираните лица треба да достават:

## Огласи

ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА:
- Доказ за уплатен депозит;
- Соодветно пополнета пријава за учество на јавното наддавање и Изјава дека ги прифаќаат условите од точка 2.3 на Огласот;
- Фотокопија од важечка лична исправа (лична карта или пасош);
- Доказ за завршено образование (оригинал или заверена на нотар);
- Лиценца за работа /оригинал или копија заверена на нотар);
- Уредно полномошно за застапување во случај на учество преку полномошник.

ЗА ПРАВНИ ЛИЦА:
- Доказ за уплатен депозит;
- Соодветно пополнета Пријава за учество на јавното наддавање и Изјава даека ги прифаќаат условите од точка 2.3 на Огласот;
- Доказ за регистрација на правно лице во Централен регистар на РМ ( не постар од шест месеци);
- Решение со кое се дава дозвола за почнување со работа на здравствена установа од Министерството за здравство на РМ;
- Уредно полномошно за полномошникот што го преставува правното лице,односно доказ за својство на овластено одговорно лице на правното лице.

5. ДЕН, ЧАС И МЕСТО НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Усното јавно надавање ќе се одржи во просториите на ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод ул. „Вук Караџич“ бр. 2 и тоа на ден 2.9.2020 година во 11 часот.

6. ПОСТАПКА ЗА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

6.1.Постапката за јавно надавање ја спроведува Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари на ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод. На денот на јавното надавање, можат да учествуваат само физичкото лице односно овластеното лице на ПЗУ кои ги исполнуваат условите од огласот и на чие име гласи уплатениот депозит. Учесниците својот легитимитет за учество во надавањето го потврдуваат со важечка лична исправа и уредно полномошно од полномошниците.

6.2. Јавното надавање започнува со јавно соопштување на почетната цена утврдена во колоната 3 на табелата од точка 2.1 од Огласот.

6.3 Надавањето се врши чекорно со зголемување на вредноста со секој чекор, за износ не помал од 100 денари.

6.4. Учесникот во надавањето кој понудил највисока цена која и по три пати соопштена не е нададена од друг учесник, се стекнува со статус најповолен наддавач.

6.5. Со статус на најповолен понудувач може да се стекне и учесник кој на јавното надавање се јавил како единствен надавач, кој ги исполнил и прифаќа условите од огласот и ја нададе почетната цена најмалку за еден чекор.

6.6. Со најповолниот надавач ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод ќе склучи договор во рок од пет дена за закуп на просторот-предмет на јавно надавање. Со договорот за закуп поблиски се определат правата и обврските и подмирување на струја ѓубретарина и хигиена од закупениот однос.

6.7 По склучувањето на договорот закупецот во рок од 30 дена истиот го доставува кај нотар заради вршење на солемизација. Пмерок од склучениот договор за закуп закуподавачот доставува до Министерство за здравство на РСМ.

6.8. Уплатениот паричен депозит за учество на јавното наддавае од најповолниот наддавач по склучувањето на договорот за закуп се засметува во закупнината.

6.9. Уплатениот паричен депозит од најповолниот наддавач кој нема да пристапи кон склучување на договор за закуп во рок од 15 дена го губи правото на враќање на паричниот депозит. Во случај со статус на најповолен наддавач ќе се стекне учесникот кој по редослед е следнорангиран наддавач, што ги исполнува условите од огласот и ја наддал почетната цена на јавното наддавање и со истиот ќе се пристапи кон склучување на договор за закуп.

6.10. Уплатениот паричен депозит за учество на јавното наддавње се враќа на подосителот на пријавата кој не е најповолен понудувач во целост ворок 15 дена од денонот на одржувањето на јавното наддавање.

6.11. Оглсот ќе биде објавен во „Службен весник на РМ“ и на огласната табла во ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод.

6.12. Рок за поднесување на пријавата за учество на јавното наддавање изнесува 10 (десет) календарски дена од денот на објавувањето на објавата до денот на поднесување на пријавите.

6.13. Подетални информации и увид на предметот на јавното надавање со предходна најава може да се добијат на тел.045 274 838 Лице за контакт Луме Адемоглу.

Комисија за располагање со недвижни и
движни ствари на ЈЗУ Здравствен дом
Македонски Брод

---

Врз основа на член 262, став 2 од Законот за трговските друштва („Службен весник на РСМ“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18) управителот на Друштво за производство, градежништво, посредување, трговија и услуги ИНФИНИТИ - МГ, INFINITY - MG ДООЕЛ експорт - импорт Тетово, објавува

### О Г Л А С
### ЗА НАМЕРА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА

Друштвото за производство, градежништво, посредување, трговија и услуги ИНФИНИТИ-МГ, INFINITY - MG ДООЕЛ експорт - импорт Тетово, донесе Одлука за намалување на основната главина на друштвото заведена под број 02-140/1 од 21.9.2020 година и со Решение на Централниот регистар на РСМ под деловоден број 35020200017949 од 21.9.2020 година и извршена предбележба во Трговскиот регистар при Централниот регистар на РСМ.

Основната главина на друштвото се намалува за износ од 400.000,00 евра по што основната главнина на друштвото ќе изнесува 500.000,00 евра.

Друштвото е согласно на доверителите врз основна на нивно барање да им ги исплати побарувањата или да им даден обезбедување за исплата на побарувањата.

Доверителите кои имаат побарувања према друштвото можат да ги пријават истите во рок од 90 дена од денот на објавата на огласот во „Службен весник на РСМ“.

Ако по истекот на 90 дена од денот на објавувањето на овој оглас не биде поднесено барање за исплата на побарување, се смета дека сите доверители се согласни со намерата за намалување на основната главнина.

Друштво за производство,
градежништво, посредување, трговија и услуги
ИНФИНИТИ-МГ, INFINITY - MG ДООЕЛ
експорт-импорт Тетово
Управител,
Газменд Даути, с.р.

(37634)